ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИ
Бр. 01-38/1
09.02.2024 год.
БИТОЛА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИ - БИТОЛА

ЈП ПАЗАРИ Битола

ЖИРО СМЕТКА 500000000027090
Д.бр.МК 4002991111040
Деп. АД"Стопанска Банка" Битола
Дирекција: 047/23 74 16
е-пошта: jppazari@t.mk
www.jppazari.mk
Адреса: "Коле Неделковски" бб.

# ЈАВЕН ПОВИК

За прибирање на понуди за издавање на деловен простор

Јавното претпријатие „Пазари" – Битола, со седиште на ул. Коле Неделковски бр. 1 - Битола, на ден 09.02.2024 год. објавува Јавен повик за прибирање на понуди за издавање на деловен простор – сопственост на ЈП „Пазари" – Битола, лоциран на Сточен пазар.

**Предмет** на Јавниот повик се **три** деловни простори и тоа, еден простор со површина од 30м2, еден простор со површина од 50м2 и еден простор со површина од 25м2, лоцирани на влезот на Сточен пазар на самиот главен пат, сместени во состав на еден објект. Закупецот кој ќе се пријави на овој јавен повик ќе склучи Договор за закуп со ЈП „Пазари" – Битола.

Објектите можат да бидат користени со намена зависно од потребите на закупецот, за обавување на било која производна или услужна дејност без ограничување од страна на закуподавачот, а во согласност со закон.

Земајќи ја предвид моменталната состојба на просторот - предмет на овој Јавен повик кој е во лоша состојба и потребно е вложување и доопремување, **како услов за учество** на Јавниот повик е **изјава** со која кандидатот се обврзува дека целосно ќе го реновира и оспособи за работа, како внатрешно така и надворешно. Реновирањето и вложувањето вклучува приклучок на струја до објектот и поставување на електрична инсталација, обнова на внатрешните зидови, санација на подна конструкција, поправка на кровна конструкција (промена на граѓа и керамиди каде што има потреба), поставување на надворешна дограма (прозорци и врати), како и чистење од натрупаниот шут и отпад. Вложените и вградени елементи по истекот на Договорот за закуп **ќе останат во трајна сопственост** на ЈП „Пазари" - Битола.

Право на учество на Јавниот повик има секое правно и физичко лице кое ги прифаќа погоренаведените услови. Понудите да се доставaт во затворен плик со назнака „За Јавен повик", лично во Архивата на ЈП Пазари – Битола на ул. Коле Неделковски бр. 1 – Битола. Понудите може да се доставaт **во рок од 10 дена** од денот на објавување на Јавниот повик на **веб страната** на ЈП „Пазари". По истекот на рокот за пријавување ќе се пристапи кон разгледување на доставените понуди, а избраните понудувачи кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани за понатамошна постапка.

ЈП „Пазари" – Битола
09.02.2024 год.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИ 1 БИТОЛА

ВД Директор

Илче Здравески